Бар код:
МКТ_ГЕНЕРАЛ_АЛЛ
2022001272604

Каменимост Комуникации АД
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Македонија, тел. +389 2 3242 052

| Македонски Телеком | | | |
|---|---|---|---|
| АД за електронски комуникации - Скопје | | | |
| Примено | 02.06.2022 година | | |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 311941/1 | | |

До: **Македонски Телеком АД - Скопје**
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје

За:
- Г-ѓа Викторија Аврамовска - Мадиќ, овластен претставник на Владата на Р. Северна Македонија во Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје

Копија до:
- Г-дин Зоран Китанов, Претседател на Одборот на директори
- Г-дин Никола Љушев, Главен извршен директор на МКТ
- Г-дин Златко Стојчески, Секретаријат на Одборот на директори

Предмет:
**Предлог за вклучување точка за одлука на наредната седница на Собранието**

Почитувана г-ѓа Аврамовска-Мадиќ,

Како овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје, мнозинскиот акционер на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ), предлагам Собранието на МКТ, на својата наредна седница, да усвои нова Одлука за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на МКТ со која ќе се замени претходната Одлука усвоена на седницата на Собранието на МКТ одржана на 28.11.2001 година под арх. бр. 29439/1 и нејзината измена од 2011 година.

Причината за потребата од вклучување на оваа точка е целосната забрана за користење на службените банкарски картички којашто е воведена на ниво на Групацијата Дојче Телеком во изминатиот период, поради ризикот во однос на усогласеноста поврзан со непостоењето на принципот на „четири очи“ при користењето на овие картички и правењето трошоци на сметка на Друштвото од страна на повластените корисници на овие картички.

Во врска со ова, во погоре наведената Одлука на Собранието на МКТ од 2001 година е утврдено правото на годишен буџет за додаток за членовите на ОД на МКТ којшто се префрла на службени банкарски картички.

За цели на усогласеност со правилата на Групацијата ДТ во врска со неупотребувањето службени картички, потребно е укинување на службените карички коишто им се издадени на членовите на ОД на МКТ за користење на овој годишен буџет, којшто ќе остане како право на членовите на ОД, но ќе биде воведен нов механизам за негово користење којшто ќе се базира на рефундирање на трошоците направени од страна на членовите на ОД врз основа на доставени сметкопотврди како доказ за трошокот, во согласност со интерните процедури на МКТ.

Покрај тоа, со оглед на фактот дека постојната Одлука на Собранието датира од 2001 година, исто така предлагаме правото на користење комуникациски услуги од МКТ од страна на членовите на ОД да биде ажурирано со пакет комуникациски услуги поврзани со телефон, интернет и ТВ услуги во согласност со сегашното портфолио на МКТ, бидејќи постојното право е поврзано со комплетно застарена технологија (ISDN линија).

Другите права предвидени со Одлуката на Собранието од 2001 година и нејзината измена од 2011 година остануваат непроменети.

Поради наведените причини, предлагаме на наредната седница на Собранието да биде вклучена точка за одлука којашто ќе го опфаќа усвојувањето нова Одлука во врска со бенефициите на членовите на ОД, подготвена врз основа на овој предлог, и за истата да се одлучува.

Новата Одлука ќе стапи во сила на денот на одржување на седницата на Собранието.

Со почит,

Адам Ханзерос
Овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје

Преведено од Лингва Експерт